ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРЕДЛОГ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-565/1
25.09.2018 год.

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2019 ГОДИНА НА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Септември, 2018 година**

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16,11/18,83/18 и 120/18) и Правилникот за формата и содржината на годишната програма за работа на инспекциските служби („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 44/15) Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија поднесува предлог програма за 2019 година за работата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија на разгледување и добивање на согласност од Председателот на Инспекцискиот совет.

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2019 ГОДИНА ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Општа одредба

Во оваа годишна програма се проектите чија реализација е предвидена во период од овие 12 месеци поделена на 4 (четири) квартали. Со изготвување на годишната програма за работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија за 2019 година, во која сакаме во конкретна смисла да Ви ги претставиме проектите, активностите, контролите исто така и роковите во кој се обврзуваме да ги реализираме планираните активности.

Годишната програма ја преставува нашата визија за наредната календарска година. Во неа се содржани активностите и задачите што ги поставивме пред себе согласно член 15 од Закон за испекциски надзор.

Дел од задачите и активностите се продолжение или финализација на проектите кои ги започнавме а кои поради сложеноста и времетраењето не може да се комплетираат во една календарска година. Останатите активности кои ќе бидат започнати преставуваат нови проекти на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија чија цел е усогласување на националното законодовство од областа на градежништвото и урбанизмот со европското законодавство како и подобрување на квалитетот на услугите кои Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија им ги обезбедува на граѓаните.

# I. ВОВЕД

(1) Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија како орган во состав на Министерство за транспорт и врски, согласно измените и дополнувања на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16,11/18,83/18 и 120/18) се стекна со својство на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување согласно со закон и одлучува со правата и обврските од работен однос, што значи проширување на надлежноста и зголемување на одговорноста во функција на остварување на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република Македонија.

(2) Со Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија раководи Директор кој го назначува Владата на Република Македонија. Со работата на секторот во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија, раководи раководител на сектор, а во негово отсуство го заменува помошникот раководител на сектор. Со одделенијата раководат раководителите на одделенијата, а во нивно отсуство ги заменува еден од стручните државни службеници со највисоко звање во одделението, кој ќе го определи раководителот на секторот.

(3) Бројот на вработените во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија во 2018 година изнесува 21 вработен (сите со статус на државни службеници, во овој број не влегува функционерот кој раководи со органот од причина што него го именува Владата на РМ.

Во Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија бр.01-710/1 од 21.07.2015 година, Правилник за измена на Правилникот за систематизација на работните места во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија бр.09-796/1 од 24.08.2015 година, Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија бр.01-405/4 од 17.07.2018 година и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија бр.01-404/4 17.07.2018 година од вкупно утврдени и систематизирани 38 работни места, пополнети се 21 работно систематизирано место кои се распоредени по организациони единици во Секторот за инспекциски надзор од областа на градежништвото и урбанизмот во чии состав се две одделенија и тоа Одделението за инспекциски надзор од областа на градежништвото се 6 извршители, во Одделението за инспекциски надзор од областа на урбанизмот се 4 извршители, во Одделението за човечки ресурси е 1 извршител, во Одделението за нормативно правни и општи работи се 6 извршители и во Одделението за финансиски прашања

се 4 извршители, што значи дека процентот на пополнетост изнесува 55,26%.

## II. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ НАДЛЕЖНОСТИ

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија врши инспекциски надзор на територијата на Република Македонија и тоа директна надлежност за објекти од прва категорија и контрола на овластени инспектори во Единиците на локална самоуправа (кои се надлежни за објекти од втора категорија), кои инспекциски надзор се спроведува согласно:

- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14. 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18);
- Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18);
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр.50/10, 157/11,147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18);
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15);
- Закон за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/08, 56/09, 13/13, 156/15 и 193/15).

## III. МИСИЈА

Мисијата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија, согласно надлежностите утврдени со закон како основна цел и приоритети на кои е сконцентриран се: основните барања за градбата, зависно од намената, а предвидено со параметрите од планската документација со цел градбите да бидат изведени и проектирани со висок квалитет односно со механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита со рационално уредување и користење на просторот за подобри услови во согласност со еколошките стандарди како и за хумано живеење и работа на граѓаните.

Доследно спроведување на Закон за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање и Закон за инспекциски надзор како и усогласување на законодавството, согласно со правото на Европската унија и меѓународните стандарди и принципи.

## IV. ВИЗИЈА

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија како орган на државната управа надлежен за вршење на инспекциски надзор над спроведување на прописите од областа за која е надлежен (Закон за градење, Закон за просторно и урбанистичко планирање и Закон за инспекциски надзор), сервисно ориентиран цели да стане високо квалитетна институција, која со својата работа ќе придонесе во засилување на инспекцискиот надзор преку засилени надзори и ефикасно спроведување на законите за кои е надлежен, со капацитет за следење на начелото на Европскиот простор и ефективно транспонирање на законодавството на Европската унија.

Во периодот кој е предмет на планирање во рамките на своите надлежности ќе работи за остварување на визијата.

## V. ВРЕДНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

(1) Во начинот на раководење и управување со работата, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија се базира на принципите на законитост, економичност и ефикасност при што во целост постапува по одредбите од релевантната законска регулатива.

(2) Инспекторите во вршење на инспекцискиот надзор се придржуваат до следните вредности на инспекциската служба:

- примената на начелото на законитост на постапката;
- заштита на јавниот интерес;
- почитување на начелото на еднаквост, непристрасност и објективност;
- примена на начелото на материјална вистина;
- примена на начелото на сослушување на субјектите на надзорот;
- примена на начелото на самостојност;
- примена на начелото на јавност;
- примена на начелото на пропорционалност;
- примена на начелото на превенција;
- примена на начелото на субсидијарност.

(3) Инспекторите во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија во вршењето на инспекцискиот надзор се должни работите да ги вршат совесно, стручно, ефикасно, уредно, навремено и непристрасно.

## VI. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

(1) Појдовни основи за подготовка на Програмата:

- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, и 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14. 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18);
- Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18);
- Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија бр. 50/10, 157/11,147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18);
- Закон за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15);
- Закон за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/08, 56/09, 13/13, 156/15 и 193/15).

## VII. ЦЕЛИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ОСТВАРАТ СО ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Цели кои треба да се остварат со инспекциски надзор се :

(1) Контролирана градежна експанзија;

- зголемување на степенот на едукација на инвеститорите за 10%;
- намалување на бесправно изградените објекти за 15%;
- зголемен надзор над работата на овластениот градежен инспектор за 10%;
- намалување на бројот на подесени претставки за 15%.

(2) Зголемена контрола над урбанистичко планска документација согласно член 7 став (2) од законот и тоа во зависност од видот на градбата која е предмет на планирање, се контролираат следните видови на урбанистичко планска документација и тоа:

- локална урбанистичко - планска документација;
- државна урбанистичко - планска документација;
- урбанистичко - планска документација за туристичко развојна зона;
- урбанистичко - планска документација за автопат;
- урбанистичко - планска документација за градби од посебен интерес и
- инспекциски надзор врз урбанистичко – проектна документација.

Контрола согласно член 88 став (2) од Закон за просторно и урбанистичко планирање, врз субјектот - органот кој ја одобрил урбанистичко – планската документација односно урбанистичко – проектната документација.

(3) Зајакнување на капацитетите на вработените;

- зголемена посета на специјализирани обуки за 30% со цел за стручно

оспособување и усовршување на досегашните државни службеници, се со цел за подобрување на квалитетот на работата на Инспекторатот.

## VIII. АНАЛИЗА НА ОЧЕКУВАНАТА СОСТОЈБА ВО ОБЛАСТА НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

(1) При анализа на очекувана состојба во областа на инспекцискиот надзор од аспект на ризиците за неприменување на прописите од областа на градежништвото и урбанизмот се доаѓа до проценка дека веројатноста за настанување на ризикот е умерена, што значи од 10-60%, бидејќи ризикот може да се јави повремено или случајно.

(2) Претпоставката дека јавувањето на ризикот е умерено се базира на статистиките за досега извршени инспекции и изведени заклучоци од записниците на инспекторите за извршени редовни и вонредни инспекции и од нивните месечни и квартални извештаи, како и од други месечни и годишни извештаи кои Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија ги изготвува и доставува настојувајќи да ги запази пропишаните законски рокови.

## IX . ДЕФИНИРАЊЕ НА РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ

(1) Предмет на инспекциски надзор ќе бидат ризични области дефинирани според појавата на ризиците.

- внатрешни ризици и
- надворешни ризици.

(2) Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија согласно член 128 и член 146 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 39/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, и 163/13, 27/14,28/14,42/14, 115/14, 149/14,187/14, 44/15 ,129/15, 217/15 , 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18); спроведува инспекциски надзор врз објекти од прва категорија, кои уредува дека при вршење на инспекцискиот надзор градежниот инспектор е должен да провери дали управните акти издадени врз основа на овој закон се во согласност со истиот и доколку утврдат дека издадените акти се спротивни на овој закон должни се да поднесат писмен предлог до органот кој го донел актот за поништување на истите, како и инспекциски надзор над овластените инспектори во Единиците на локалната самоуправа, кои согласно член 131 став 4 се надлежни за надзор на објекти од втора категорија во кои член е уредено дека градежниот инспектор при вршење на

инспекцискиот надзор проверува дали овластениот градежен инспектор ги врши работите согласно овој закон.
Согласно член 88 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 90/17, 64/18 и 168/18) урбанистичкиот инспектор врши инспекциски надзор врз урбанистичко планска документација согласно член 7 став (2) од законот и тоа во зависност од видот на градбата која е предмет на планирање се контролираат следните видови на урбанистичко планска документација и тоа:

- локална урбанистичко - планска документација;
- државна урбанистичко - планска документација;
- урбанистичко - планска документација за туристичко развојна зона;
- урбанистичко - планска документација за автопат;
- урбанистичко - планска документација за градби од посебен интерес и
- инспекциски надзор врз урбанистичко – проектна документација.

Согласно член 88 став (2) од овој закон субјектот на инспекциски надзор е органот кој ја одобрил урбанистичко – планската документација односно урбанистичко – проектната документација.

## X. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИКОТ

(1) Изворите на информации и податоци за идентификување на ризик се базира врз принципи при што утврдувањето на ризикот се спроведуваат на неодреден временски период и од раководната структура на Државен инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија.
(2) Во идентификувањето на ризикот дополнителен фактор кој се зема во предвид претставуваат надзорите на урбанистичкиот и градежниот инспектор врз градбите од прва категорија кои се од значење за Републиката.

## XI. КРИТЕРИУМИ ЗА ИДЕНТИФИКУВАЊЕ СУБЈЕКТИ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

(1) Субјектите кои се предмет на инспекцискиот надзор согласно Законот за градење се, учесниците во изградбата и тоа:

- Инвеститор-носителот на правото за градење кој може да биде правно или физичко лице-лице кое се стекнало со право на градење;
- Изведувач-правно лице кое има право да ја изведува градбата;
- Инженер за изведба-физичко лице кое раководи со изградбата на градбата;

- Надзор над изградбата-правно лице кое има право да врши надзор над изградбата;
- Главен надзорен инженер-физичко лице кој има право да врши надзор над изградбата на градбата;
- Проектант-правно лице кое има право да врши проектирање;
- Главен проектант-физичко лице кој е должен проектот да го изработи согласно стандардите и нормативите за проектирање;
- Ревидент-правно лице кое има право да врши ревизија
- Главен ревидент-физичко лице кое има право да врши ревизија

Како субјект кој е предмет на инспекцискиот надзор согласно Законот за градење е и :

- Надлежен орган-орган кој ја води управната постапка и издава одобрение за градење и други пропишани акти, а се однесуваат за градби од значење за Републиката категоризирани како градби од прва категорија;
- ЕЛС-преку контрола на работењето на овластениот градежен инспектор

Напомена: Како субјекти во инспекцискиот надзор може да се јават странски физички и правни лица, како и субјекти кои со ратификуван договор имаат право да учествуваат во изградбата која изградба се гради на територија на две држави.

(2) Критериумите за идентификување субјекти не се посебно дефинирани, а обврската на субјектот на надзорот во постапката на инспекцискиот надзор прецизно се опишани во член 28 од Законот за инспекциски надзор („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18). Инспекторот за идентификување на субјектот на надзорот во согласност со законите соработува и со служби те на Министерството за внатрешни работи, но постапката ја води согласно Законот за општа управна постапка (уредна достава).

## XII.КРИТЕРИУМИ ЗА ДЕФИНИРАЊЕ НА СЛОЖЕНОСТ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

- По добивање на согласноста за Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на коефициентот на степен на сложеност на инспекцискиот надзор од страна на Инспекцискиот совет бр.01-50/8 од 22.03.2017 година, Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија уврди коефициенти на степенот на сложеност на инспекцискиот надзор со следните вредности по материјалните закони и тоа во зависност од бројот на субјектите кои се предмет на надзор, обемот на прописите, предметот на надзор, времето потребно за

вршење на надзор, висината на глобата која може да се изрече за недостатоците утврдени при надзорот, потребата од соработката со други органи при вршење на инспекцискиот надзор.

(1) Степен на сложеност од областа на градежништвото:

- Q1 - со вредност- 1
- Q2 - со вредност - 2
- Q3 - со вредност - 3
- Q4 - со вредност - 4
- Q5 - со вредност - 5
- Q6 - со вредност - 6
- Q7 - со вредност - 7
- Q8 - со вредност – 8

| коефициент | вредност на коефициент | КРИТЕРИУМ ЗА СТЕПЕН НА СЛОЖЕНОСТ |
|---|---|---|
| Q 1 | 1 | Записник од извршен инспекциски надзор над работата на овластениот градежен инспектор, известување до градоначалник со задолжување. |
| Q 2 | 2 | Записник од извршен инспекциски надзор над работата на овластениот градежен инспектор со изречена прекршочна мерка. |
| Q 3 | 3 | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија без утврдени неправилности. |
| | | Записник од извршен контролен инспекциски надзор на објекти од I категорија. |
| | | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија по извршено решение. |
| Q 4 | 4 | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија со укажување, едукација при утврдени неправилности. |
| Q 5 | 5 | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија со предлог за поведување на прекршочна постапка. |
| Q 6 | 6 | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија и решение за прекин на градбата (предлог за одземање на лиценца, овластувања). |
| Q 7 | 7 | Записник од извршен инспекциски надзор на објекти од I категорија, решение за отстранување и заклучок за дозвола за извршување. |
| Q 8 | 8 | Административно извршување,записник и заклучок за надомест на трошоци. |

(2) Степен на сложеност од областа на урбанизмот:

- Q1 - со вредност - 1
- Q2 - со вредност - 2
- Q3 - со вредност - 3
- Q4 - со вредност - 4
- Q5 - со вредност - 5
- Q6 - со вредност - 6

| коефициент | Вредност на коефициент | КРИТЕРИУМ ЗА СТЕПЕН НА СЛОЖЕНОСТ |
|---|---|---|
| Q1 | 1 | Изработка на записник за редовен (вонреден и контролен) урбанистички надзор предвидени во Годишна програма на ДИГУ на Република Македонија при што не се констатирани неправилности донесува заклучок за прекин на постапката. |
| Q2 | 2 | Записник од инспекциски надзор со констатирана состојба за неправилности во постапката на донесување ЛУПД и урбанистичко проектна документација, урбанистичкиот инспектор е должен да донесе Решение со кое ќе го задолжи органот на локалната управа кој ја одобрил истата да ја поништи. Член 92 став (3) |
| | | Записник од инспекциски надзор со констатирана состојба за неправилности во постапката на донесување ДУПД, урбанистичко планска документација(туристичка развојна зона, автокамп и градби со посебен интерес) и урбанистичко проектна документација, урбанистичкиот инспектор е должен да донесе Решение со кое ќе го задолжи органот на државната управа надлежен за вршење на работи од областа на уредување на просторот, кој ја одобрил истата да ја поништи. Член 92 став (3) |

| | | |
|---|---|---|
| Q3 | 3 | Решение за поништување на урбанистичко планска документација или урбанистичко проектна документација. |
| Q4 | 4 | Доставување на предлог (со записник за констатација) до органот на државната управа (Министер) надлежен завршење на работите од областа на уредувањето на просторот, за одземање на лиценци на (правното лице кое изработило, изготвило поништената урбанистичка планска и урбанистичко проект на документација како и правно лице потписник на извештај за стручна ревизија на поништената урбанистичка планска и урбанистичко проектна документација). Член 92 став (5) |
| | | Доставување на предлог (со записник за констатација) до Комората за овластени инженери и архитекти, за одземање на овлатувања на (физичко лице кое е планер потписник и потписник на извештај за стручна ревизија на поништената урбанистичка планска и урбанистичко проектна документација). Член 92 став (5) |
| Q5 | 5 | Изрекување на Глоба за прекршок на :<br>1.Правни и физички лица носители на лиценца односно овластување за изработување и ревизија на урбанистички планови.<br>2. Наслужбени и одговорнилица.<br>3. На претседател на Совет на општина.<br>4. На одговорни лица и други субјекти. Спроведување на постапка за порамнување член 95-117 |
| Q6 | 6 | Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во предвидениот рок, Државниот инспектор за градежништво и урбанизам на Република Македонија и Државниот управен инспектор ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд. Член 118 став (3). |

(3) Сложеноста на инспекцискиот надзор врз изградбата на градбите се подведува под квалитативните критериуми како што се:

- вид и број на субјектите кои се предмет на инспекциски надзор (кога се работи за субјекти кои имаат сложена или едноставна сопственичка, управувачка и организациска структура);
- обем на прописи кои се предмет на инспекцискиот надзор (градежните и урбанистичките инспектори имаат обврска континуирано да ги следат субјектите на инспекциски надзор во текот на целата изградба на градбата до нејзиното пуштање во употреба согласно прописите );

- времето потребно за вршење на инспекцискиот надзор зависно од степенот на сложеноста на надзорот, обемот и формата на надзорот е во зависност од категоризацијата на градбата;

## XIII. ПЛАН ЗА МИНИМАЛНИ КВАНТИТАТИВНИ ЦЕЛИ

(1) Планот за минимални квантитативни цели за број на очекувани откриени неправилности по ризични подрачја, видот на инспекциски надзор, сложеноста и останатите елементи се дадени во Прилог 1 .

(2) Критериумите за утврдувањето на минималните квантитативни цели произлегуваат од досегашната работа на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија.

## XVI. ТОЧКИ ИЗЛОЖЕНИ НА РИЗИК

(1) Табеларен преглед на точки изложени на ризик е даден во Прилог 2 и е составен дел на оваа Програма.

## XV. НОВИ МЕРКИ ЗА ПОДДРШКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

(1) Нови мерки што ќе бидат преземени за поддршка на реализација на Програмата ќе ги опфатат следните активности:

- донесување на Правилникот за работа на градежните и урбанистичките инспекторите во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија ;
- кадровско пополнување на предвидените работни места во организационите единици;
- барање за обезбедување на буџетски средства наменети за пополнување на раководните работни места во секторот и одделенијата;
- воспоставување на евиденции и бази на податоци за инспекциски надзор;
- едукација и тренинг на инспекторите.

Горенаведените мерки со соодветна поддршка на надлежните органи во Република Македонија ќе придонесат за зголемување на административниот и

институционалниот капацитет, како и за зголемување на инспекцискиот надзор и управување со точките изложени на ризик.

(2) Средствата за кадровско пополнување беа побарани од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија со Буџетот за 2018 година и истите се одобрени од страна на Министерството за финансии на Република Македонија, и до крајот на годината се очекува да се спроведе интерен оглас за реализација на добиената согласност, а во Годишната програма за вработување и унапредување за 2019 година, се предвидени и други работни места и истото барањето е нотирано во Предлог на буџетот за 2019 година.

## XVI. НАЧИН НА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

(1) Следењето и оценувањето на реализација на Програмата ќе се врши врз основа на следење на реализацијата на месечните, кварталните и годишните планови за работа на секој инспектор поединечно, како и на сите инспектори во целина и врз основа на извештаите на инспекторите за спроведување на наведените планови.

(2) Индикаторите за следење и критериумите за оценување на реализацијата на Програмата се директно применливи од Законот за инспекциски надзор, Законот за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање.

## ЗАВРШЕН ДЕЛ

(1) Надлежноста за постапување и спроведување на оваа Програма се врши по налог на Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија.

(2) Надлежноста за предлагање на измени или дополнувања на донесената Програма се врши по предлог на инспекторите, раководителите на организационите единици и Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија.

(3) Надлежноста и начинот на следење на спроведувањето на Програмата припаѓа на Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија и Инспекцискиот совет на Република Македонија.

(4) Надлежност за анализирање и периодично оценување и информирање на раководството за статусот на реализација на Програмата го има Директорот на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија и Инспекцискиот совет на Република Македонија.

(5) Начинот на запознавање на вработените со Програмата, вклучително и задолжувањето на раководителите да ги запознаат вработените со донесената Програма во организационите единици со кои раководат се врши на Колегиум на раководната структура на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија, а раководните државни службеници во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија ги информираат останатите вработени во доменот на потребите за работа во одделението.

(6) Одговорноста за постапување спротивно на Програмата ја имаат инспекторите, согласно Законот за инспекциски надзор, Законот за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање. Освен од оправдани причини кога истиот неможе да се спроведе во периодот кога е планиран во самата програма за работа.

(7) Годишната програма за работата на инспекторите за градежништво и урбанизам за 2019 година стапува на сила најдоцна во рок од 7 дена по добивањето на позитивното мислење од страна Инспекцискиот совет.

в.д ДИРЕКТОР

Llokman Limani

Дел бр. 01-565/1

Скопје, 25.09.2018 година

Изработил:

Одобрил:

Согласен:

Изработено во:

Доставено до:

- ........................................ Инспекцискиот совет на Република Македонија
- ........................................ Архивата на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на Република Македонија

Прилог 1

# ТАБЕЛАРЕН ПЛАН НА МИНИМАЛНИ КВАНТИТАТИВНИ ЦЕЛИ

| Рб | Ризично подрачје за градежни и урбанистички надзори | Број на очекувани неправилности по ризични подрачја | Вид на инспекциски надзор | Степен на сложеност на инспекциски надзор | Неправилно-сти на годишно ниво | Неправилно-сти по квартали | | | | Неправилности што подлежат на едукација | Неправилности што подлежат на мандатно казнување | Неправилности што подлежат на прекршочна одговорност | Неправилности што подлежат на кривична одговорност | Неправилности што подлежат на други инспекциски мерки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | I | II | III | IV | | | | | |
| 1. | Единица на локална самоуправа Општина Охрид | 3 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 1 | 0 | 1 |
| 2. | Единица на локална самоуправа Општина Центар | 3 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 2 | 0 | 2 |
| 3. | Единица на локална самоуправа Општина Карпош | 2 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 2 | 0 | 0 | 1 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 2 | 0 | 2 |
| 4. | Единица на локална самоуправа Општина Кисела Вода | 2 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 1 | 0 | 1 |
| 5. | Единица на локална самоуправа Општина Чаир | 2 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 3 | 0 | 3 |
| 6. | Единица на локална самоуправа Општина Куманово | 3 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 3 | 0 | 3 |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7. | Единица на локална самоуправа Општина Тетово | 2 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 3 | 0 | 3 |
| 8. | Единица на локална самоуправа Општина Битола | 1 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | не е применливо | не е предвидено | 2 | 0 | 1 |
| 9. | Единица на локална самоуправа Општина Аеродром | 1 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 0 | 0 | 1 |
| 10. | Единица на локална самоуправа Општина Гостивар | 2 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 3 | 0 | 2 |
| 11. | Овластен градежен инспектор | 2 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 2 | 0 | 1 | 0 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 2 | 1 | 3 |
| 12. | Овластен урбанистички инспектор | 1 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 2 | 1 | 2 |
| 13. | Учесници во изградбата - инвеститор | 1 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 1 | 0 | 1 |
| 14. | Учесници во изградбата - проектант | 3 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 2 | 1 | 1 |
| 15. | Учесници во изградбата-ревидент | 3 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 2 | 1 | 1 |
| 16. | Учесници во изградбата-изведувач | 1 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | не е применливо | не е предвидено | 1 | 1 | 0 |
| 17. | Учесници во изградбата-надзорен инженер | 3 | редовен / контролен / вонреден | среден, висок и највисок | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | не е применливо | не е предвидено | 2 | 1 | 1 |

Прилог 2

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ТОЧКИ ИЗЛОЖЕНИ НА РИЗИК

| Р.б. | Ризично подрачје | Недостатоци во регулативата | Недостатоци во постапките и процедурите |
|---|---|---|---|
| 1. | **Советник -гpадежен инспектор** | Правилник за работа на градежните и урбанистички инспектори | Непознавање и непримерување на Законот за општата управна постапка |
| 2. | **Советник - урбанистички инспектор** | Правилник за работа на градежните и урбанистички инспектори | Непознавање и непримерување на Законот за општата управна постапка |
| 3. | **Овластен градежен инспектор** | Не соодветна делегирана надлежност | Не носење и неизвршување на донесени акти |
| | | Постоење на конфликт на интереси | |
| | | Правилници за работа на овластените градежни и урбанистички инспектори | |
| 4. | **Учесници во изградбата - инвеститор** | Суфициентен надзор од страна на овластен градежен и овластен урбанистички инспектор | Недоследна примена на регулативата |
| | | Недефинирани надлежности на градежните и урбанистички инспектори | |
| 5. | **Учесници во изградбата - проектант** | Суфициентен надзор од страна на овластените градежени и овластените урбанистички инспектори | Недоследна примена на регулативата |
| | | Недефинирани надлежности на градежните и урбанистички инспектори | |
| 6. | **Учесници во изградбата- ревидент** | Суфициентен надзор од страна на овластен градежен и овластен урбанистички инспектор | Недоследна примена на регулативата |
| | | Недефинирани надлежности на градежните и урбанистички инспектори | |
| 7. | **Учесници во изградбата- изведувач** | Суфициентен надзор од страна на овластен градежен и овластен урбанистички инспектор | Недоследна примена на регулативата |
| | | Недефинирани надлежности на градежните и урбанистички инспектори | |
| 8. | **Учесници во изградбата- надзорен инженер** | Суфициентен надзор од страна на овластен градежен и овластен урбанистички инспектор | Недоследна примена на регулативата |
| | | Недефинирани надлежности на градежните и урбанистички инспектори | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО
И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-565/1
25.09. 2018 год

**1. Преглед на инспекциски надзор на објекти од прва категорија на територијата на Република Македонија и урбанистичко-планска и проектна документација за период од *прviот квартал* 01.01.2019 до 31.03.2019 година**

| Преглед на инспекциски надзор на објекти од прва категорија на територијата на Република Македонија за период од *првиот квартал* 01.01.2019 до 31.03.2019 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Месечен инспекциски надзор** | **Планиран инспекциски надзор** | **Вид на инспекциски надзор** | **Број на планирани надзори** | **Број на реализирани надзори** |
| 1 | **Јануари** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (3) градежни надзори | |
| 2 | **Февруари** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (3) градежни надзори | |
| 3 | **Март** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (3) градежни надзори | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-565/1
25.09. 2018 год.

**2. Преглед на инспекциски надзор на објекти од прва категорија на територијата на Република Македонија и урбанистичко-планска и проектна документација за период од *вториот квартал* 01.04.2019 до 30.06.2019 година**

| Преглед на инспекциски надзор на објекти од прва категорија на територијата на Република Македонија за период од *вториот квартал* 01.04.2019 до 30.06.2019 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Месечен инспекциски надзор** | **Планиран инспекциски надзор** | **Вид на инспекциски надзор** | **Број на планирани надзори** | **Број на реализирани надзори** |
| 1 | **Април** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (6) градежни надзори | |
| 2 | **Мај** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (6) градежни надзори | |
| 3 | **Јуни** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (3) градежни надзори | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО
И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-565/1
25.09. 2018 год.

**3. Преглед на инспекциски надзор на објекти од прва категорија на територијата на Република Македонија и урбанистичко-планска и проектна документација за период од *третиот квартал* 01.07.2019 до 30.09.2019 година**

| **Преглед на инспекциски надзор на објекти од прва категорија на територијата на Република Македонија за период од *третиот квартал* 01.07.2018 до 30.09.2018 година** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Месечен инспекциски надзор** | **Планиран инспекциски надзор** | **Вид на инспекциски надзор** | **Број на планирани надзори** | **Број на реализирани надзори** |
| 1 | **Јули** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (3) градежни надзори | |
| 2 | **Август** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (3) градежни надзори | |
| 3 | **Септември** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (6) градежни надзори | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО
И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-565/1
25.09. 18 год.

**4. Преглед на инспекциски надзор на објекти од прва категорија на територијата на Република Македонија и урбанистичко-планска и проектна документација за период од *четвртиот квартал* 01.10.2019 до 31.12.2019 година**

| Преглед на инспекциски надзор на објекти од прва категорија на територијата на Република Македонија за период од *четвртиот квартал* 01.10.2019 до 31.12.2019 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. Бр.** | **Месечен инспекциски надзор** | **Планиран инспекциски надзор** | **Вид на инспекциски надзор** | **Број на планирани надзори** | **Број на реализирани надзори** |
| 1 | **Октомври** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (6) градежни надзори | |
| 2 | **Ноември** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (6) градежни надзори | |
| 3 | **Декември** | По службена должност на територија на РМ | Сложен инспекциски надзор | (3) градежни надзори | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО
И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-565/1
25.09.2018 год

**1. Преглед на планирани инспекциски надзори на територијата на Република Македонија за период од *првиот квартал* 01.01.2019 до 31.03.2019 година**

| Преглед на планирани инспекциски надзори на територијата на Република Македонија за период од *првиот квартал* 01.01.2019 до 31.03.2019 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред Бр | **Месечен инспекциски надзор** | **Планиран надзор по општините во РМ** | **Вид на инспекциски надзор** | **Број на планирани контроли** | **Број на реализирани контроли** |
| 1 | **Јануари** | **Желино**<br><br>**Кисела Вода***<br><br>**Чучер Сандево*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |
| 2 | **Февруари** | **Гази Баба**<br><br>**Карпош***<br><br>**Тетово*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |
| 3 | **Март** | **Бутел***<br><br>**Неготино**<br><br>**Центар*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО
И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-565/1
25.09.2018 год.

**2. Преглед на планирани инспекциски надзори на територијата на Република Македонија за период од *вториот квартал* 01.04.2019 до 30.06.2019 година**

| Преглед на планирани инспекциски надзори на територијата на Република Македонија за период од *вториот квартал* 01.04.2019 до 30.06.2019 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред Бр** | **Месечен инспекциски надзор** | **Планиран надзор по општините во РМ** | **Вид на инспекциски надзор** | **Број на планирани контроли** | **Број на реализирани контроли** |
| 1 | **Април** | **Струмица**<br>**Кочани***<br>**Струга*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |
| 2 | **Мај** | **Прилеп**<br>**Ново Село (Дојран*)**<br>**Штип*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички (Општина Дојран е опфатена само со урбанистичка контрола) контроли | |
| 3 | **Јуни** | **Охрид***<br>**Дебар**<br>**Кичево*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО
И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-565/1
25.09.19

**3. Преглед на планирани инспекциски надзори на територијата на Република Македонија за период од *третиот квартал* 01.07.2019 до 30.09.2019 година**

| Преглед на планирани инспекциски надзори на територијата на Република Македонија за период од *третиот квартал* 01.07.2019 до 30.09.2019 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред Бр** | **Месечен инспекциски надзор** | **Планиран надзор по општините во РМ** | **Вид на инспекциски надзор** | **Број на планирани контроли** | **Број на реализирани контроли** |
| 1 | **Јули** | **Битола*** <br> **Новаци** <br> **Демир Хисар*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |
| 2 | **Август** | **Виница*** <br> **Берово*** <br> **Делчево** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |
| 3 | **Септември** | **Гевгелија** <br> **Демир Капија*** <br> **Кавадарци*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-565/1
25.09. 2018 год.

**4. Преглед на планирани инспекциски надзори на територијата на Република Македонија за период од *четвртиот квартал* 01.10.2019 до 31.12.2019 година**

| Преглед на планирани инспекциски надзори на територијата на Република Македонија за период од *четвртиот квартал* 01.10.2019 до 31.12.2019 година | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред Бр** | **Месечен инспекциски надзор** | **Планиран надзор по општините во РМ** | **Вид на инспекциски надзор** | **Број на планирани контроли** | **Број на реализирани контроли** |
| 1 | **Октомври** | **Пробиштип***<br>**Радовиш**<br>**Крива Паланка*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |
| 2 | **Ноември** | **Ѓорче Петров***<br>**Чешиново Облешево**<br>**Куманаво*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |
| 3 | **Декември** | **Велес***<br>**Гостивар**<br>**Аеродром*** | инспекциски надзор | (3 ) градежни и (2) урбанистички контроли | |